ТРАНСПАРЕНТНОСТ
МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

**"Ферид Бајрам" 39, 1000 Скопје**
**Република Македонија**
**тел./факс: 02/ 31 21 100**
***www.transparency-mk.org.mk***

# СООПШТЕНИЕ
## По повод судирот помеѓу УСППФТ и ДКСК

*Транспарентност Македонија* ја следи јаловата расправа помеѓу двете водечки институции за борбата против криминалот во државава, Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам (УСППФТ) и Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК).

Државниот завод за ревизија (ДЗР) во конечниот извештајот за 2008 г констатирал низа неправилности во работата на УСППФТ. Првата за која и ДКСК побара разрешување на директорот на УСППФТ, Ване Цветанов е нецелосно спроведување на Законот за државни службеници, необезбедување на фер конкуренција и висок процент на привремено ангажирани лица. Втората пак е непочитување на Законот за јавни набавки односно необезбедување на конкуренција, еднаков третман, транспарентност, јавност, рационално и ефикасно искористување на средства во постапките за доделување договори за јавни набавки. *Транспарентност Македонија* смета дека ваквата состојба во УСППФТ е навистина поразителна бидејќи оваа институција треба да биде водач во спречување на криминалот во РМ.

*Транспарентност Македонија* ја охрабрува ДКСК да поднесе иницијатива до Владата на РМ за разрешување на директорот на УСППФТ бидејќи тој во ниеден момент не ги оспори неправилностите констатирани од страна на ДЗР. Од друга страна, ТМ го повикува и г. Цветанов да ја објасни и аргументира криминалната структура и нејзината спрега со ДКСК, за што тој јавно се произнесе.

*Транспарентност Македонија* смета дека не смее да се дозволи "пазарење" помеѓу г. Цветанов и ДКСК, а уште помалку чаршиско расчистување на целиот овој случај. Воедно го повикуваме и јавниот обвинител Шврговски да се произнесе дали навистина постојат основани сомневања за криминална организација која зад себе има криминал тежок **120 милиони евра** (како што тврди г. Цветанов) и доколку постојат, за тоа и самиот Цветанов да одговара според законот заради досегашно криење на целиот случај.

19 мај 2010 г.

**ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА**

*Поддржано од Фондација институт отворено општество - Македонија*